Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

Republika e Maqedonisë
AVOKATI I POPULLIT

OMBUDSMAN
Republic of Macedonia

Народниот правобранител - Национален превентивен механизам (НПМ) на **05.03.2014** година спроведе последователна посета на **Психијатриска болница Негорци** во придружба на надворешни соработници од Здружението на психијатри, како и Здружението на форензичари од Институтот за судска медицина, врз основ на претходно склучени Меморандуми за соработка.

Целта на последователната посета е оцена за спроведувањето на препораките од посебниот извештај на НПМ од 2012 година како и идентификување на дополнителни ризици заради спречување на тортура или друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување.

Посетата на Психијатриската болница Негорци се спроведе во неколку чекори. Тимот на НПМ спроведе разговор со надлежните во болницата, а потоа со поделба на два подтима изврши увид во сите одделенија, како и помошните објекти (кујна, трпезарија, магацин за прехрамбени производи и амбуланта). При посетата беше спроведен и увид во медицински досиеја во посетените одделенија како и документацијата за фиксација.

НПМ спроведе таргетирана посета која се фокусираше на неколку негативни констатации од посебниот извештај од 2012 година и проверка над спроведувањето на дадените препораки за подобрување на состојбите и елиминирање на недостатоците и ризиците кои би можеле да доведат до тортура или друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување.

Дополнително беа забележани и нови состојби за кои се бара превземање на соодветни мерки, кои покрај препораките од 2012 година се упатени како нови препораки од последователната посета.

Направени се напори и подобрени се условите во хроничното Б и судското одделение. Во хроничното одделение имаше кревет за секое сместено лице, но сепак беше приметлива валкана постелнина и нечисти тоалети. Во судското одделение беа забележани нови душеци, лицата имаат обезбедено посебни ормарчиња. Болницата има само една хигиеничарка која е должна да ги покрива сите одделенија. Зградите во кои се наоѓа судското и хронично Б одделение се стари и потребно е истите да се реновираат. Управата на болницата има обезбедено финасиска конструкција за реновирање на овие две одделенија. Воедно женските лица кои се со мерка за безбедност изречена од судот се сместени по други одделенија. Евидентен е проблемот со безбедноста на судското одделение, и потребата за ангажман на други

надлежни институции, односно на министерството за правда.Одделенијата за психогеријатрија – машки и женски оддел се со послаба хигиена, а состојбата со просториите не е на потребното ниво. Потребно е да се изврши реновирање на санитарните чворови и собите во кои престојуваат постарите пациенти. Во оделот за психогеријатрија издвоени се потешките пациенти кои се непокретни. Заради состојбата во која се наоѓаат овие пациенти потребно е почеста набавка на нови кревети со душеци, постелнина и тоалетни ормарчиња.

Од Одделението за работна терапија беа презентирани работни планови, како и соодветна документација за секој пациент посебно. Евидентни се напорите за подршка на пациентите, при што одделението за работна терапија има активности на секое одделение. Персоналот истакна дека пациентите имаат повеќе интерес за спортски активности, а дополнително управата на болницата даде информација дека е во план изградба на теретана, како и одбојкарско и кошаркарско игралиште. Дел од пациентите во судското одделение се ангажирани во делот на земјоделие. И понатаму е значајно лицата да се мотивираат и што повеќе вклучат во работна терапија која ќе помогне во процесот на лекување.

И при последователната посета беше заклучено дека се внимава на достоинството и човечкиот интегритет на пациентите, така што истите не носат пижами туку користат своја облека.

За време на посетата на НПМ немаше пациенти кои се фиксирани, но беше изјавено дека фиксирањето на пациенти се случува доста ретко. За претходните фиксации протоколите беа уредно пополнети, според увидот на документацијата физичката фиксација траела кратко време, најмногу неколку часа кај агитиран пациент. Не постои посебна листа за акутна психичка декомпензација, во листата за физичка имобилизација писмено е напишана причината за истата, и која медикаментозна терапија е напишана. Според изјавите на персоналот, пациентите кои се физички имобилизирани се под постојана супервизија на персоналот.

Во сите прегледани истории беа забележани претходни истории на болест на пациентите на психијатриската болница Негорци. Во хроничните оддели беше утврдено дека историите на болест уредно се водат, а во здравствените картони се забележани и отпусни писма од претходни лекувања во истата или друга здравствена установа, односно може да се прати хронологијата на болеста. Во сите проверени здравствени картони е содржан формулар за согласност, а секојдневно се вршат медицински визити за кои се води и тераписка тетратка за видот и начинот на примање на терапија за секој хоспитализиран пациент.

Националниот превентивен механизам изготви посебен извештај за реализираната посета во кој се утврдува нивото на имплементација на препораките, констатирани се нови состојби и дадени се соодветни препораки за Министерството за здраство и за Психијатриската болница Негорци.